**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403 – 135/12**
**Скопје, 20. 02. 2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА МУРТИНО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Муртино за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Муртино за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Стојан Бансколиев, Градоначалник на општина Муртино, до 25.03.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 21.11. до 22.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Статутот на општина Муртино не е усогласен со новата законска регулатива, што е спротивно на одредбите од член 91 од Законот за локална самоуправа. Причина за тоа е неажурноста и не навременото превземање на активности за донесување на нов статут од страна на надлежните во општина Муртино, што придонесува за работење по стари и дел од нив неважечки одредби од областа на локалната самоуправа.
По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што со новиот Закон за територијалната организација на единиците на локалната самоупрва општина Муртино станува населено место на општина Струмица.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Муртино на 30 јуни 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Муртино, е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за периодот до 30.06. 2005 година.

**Скопје 16. 02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА МУРТИНО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1 | 656 | 3,069 |
| Неданочни приходи | 3.2 | 1 | 21 |
| Трансфери и донации | 3.3 | 319 | 4,223 |
| **Вкупно приходи** | | **976** | **7,312** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 196 | 973 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 489 | 2,831 |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 160 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **685** | **3,964** |
| **Капитални расходи** | | **291** | **3,018** |
| **Вкупно расходи** | | **976** | **6,982** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **330** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА МУРТИНО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 30.06.2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 331 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **331** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **331** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 331 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **0** | **331** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **331** |